unicef
unite for children

# АГРЕСИЈА КАЈ ДЕЦАТА

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# НЕКОЛКУ ЗБОРОВИ ЗА ГРИЗЕЊЕТО КАЈ ДЕЦАТА

unicef
unite for children

Кај децата, гризењето навистина е однесување кое сите ги загрижува. Тоа го плаши детето, коешто е жртва и, ги вознемирува неговите родители. Родителите на детето кое гризе, исто така се загрижени. Но, оваа појава го плаши и самото дете што гризе.

Иако најголем број од децата не гризат, особено оние по тригодишна возраст, кога ќе се појави таков тип на однесување кај малите деца, не смее да се игнорира.

Децата гризат од различни причини. Понекогаш се чувствуваат фрустрирани, или загрозени од нешто. Во други случаи тие на тој начин ја покажуваат својата моќ над другите. Во вакви случаи подобро е да им се помогне на децата да ги препознаат своите чувства и да ги научиме како да ги искажат.

Треба јасно да се каже дека гризењето е неприфатливо и, тоа да му се објасни на детето со зборови кои за него се лесно разбирливи. По првото смирување на детето кое е изгризено, добро е да се каже нешто како: „Гризењето навистина ги повредува другите деца. Јас нема да дозволам да те повредуваат другите, но исто така, нема да дозволам ниту ти да ги повредуваш останатите деца. Ти не смееш никого да гризеш“,

Ако се повтори гризењето, можеме да го одвоиме детето од другите деца. Треба да му објасниме на детето дека ќе се врати да игра со останатите деца ако престане да гризе.

Потребно е да направите напори за да го спречите понатамошното вакво однесување. Со тоа превенирате повреди кај другите деца, но и ги обесхрабрувате другите деца да го практикуваат тоа.

Сите родители треба да знаат дека треба да преземат итна постапка за да се елиминира оваа појава кај нивните деца.









РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ДЕЦАТА И ПИШУВАЊЕТО

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ДЕЦАТА И ПИШУВАЊЕТО

unicef
unite for children

Кога тргнуваат на училиште, малите деца не можат одеднаш да научат да пишуваат. Пред да се стекнат со вештини за пишување, тие преземаат разни чекори кои им помагаат во градењето на овие вештини. Затоа, во текот на предучилишниот период важно е да имаат можности да ги користат нивните шаки и прсти пред навистина да успеат да ги пишуваат бројките и буквите.

Играњето со пластелин или тесто, редењето коцки или сложувалки, или собирањето ситни предмети, ги подготвува шаките и прстите кај малите деца за пишување букви.

Затоа, потребно е децата да бидат во постојан контакт со пластелин, тесто, хартија, спојувалки за хартија, пенкала, моливи, фломастери, лепенки. Овие материјали треба секогаш да му бидат на располагање на детето кога ќе посака да игра со нив, било во градинка или дома. Користењето и ракувањето со овие материјали, на малите деца им помага да ги вежбаат шаките и прстите во развивањето вештини за пишување.

Малите деца, понекогаш изразуваат желба да „напишат" некоја порака до своето другарче, или до својот родител, или воспитувач. Тие ги користат овие материјали за пишување во своите игри кога ги имитираат возрасните – на пр. пишуваат цени на играчки, цртаат билети за кино, или билети за автобус или воз, пишуваат мени за во ресторан итн.

На овој начин кај децата, преку експериментирање, сè повидливи стануваат развојните етапи во градењето на компетенциите и вештините за пишување. Децата постепено поминуваат од фаза на бесцелно, во фаза на контролирано чкртање, од фаза на случајно напишани букви, во букви кои претставуваат некој збор. Но, само преку голем број на понудени вакви можности децата можат успешно да ги поминат овие фази во развојот на вештините за пишување.

Ако вашето дете нема фат да го држи моливот при пишување, тоа нема да може да ракува со него и едноставно нема да покажува интерес да научи да пишува кога ќе тргне на училиште. Во тој случај детето не се чувствува подготвено да го направи тоа.

Децата уживаат во учење на нови вештини, само кога се подготвени за тоа. Подготвеноста за пишување е исто така важна како и усовршувањето на самата вештина за пишување. Процесот на подготовката за пишување се одвива во предучилишниот период. Затоа потребно е возрасните кои се грижат за детето, (родители, воспитувачи, други членови кои се грижат за детето) да создадат услови децата да се подготвуваат за тоа во текот на предучилишниот период.






РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ДВИЖЕЊЕ И МУЗИКА

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ДВИЖЕЊЕ ПО ТАКТ НА МУЗИКА

unicef
unite for children

Во природата на малите деца е да танцуваат. Тие, навистина се добри танчари. Дури и малите бебиња, кога ќе слушнат музика, започнуваат да се клатат. Креативното движење, покрај тоа што е забавно и природно за малите деца, тоа им помага да научат многу концепти. Преку разни движења и пози тие учат да одржуваат рамнотежа на телото и да ги координираат деловите од телото. Тие учат за ритамот преку движењето на телото по тактот на музиката. Преку движењето по тактот на музиката, децата ја развиваат вештината да предвидуваат што следи, слушајќи ги рефрените на музиката. Креативното движење претставува силна алатка за развивање самодоверба и свесност за сопственото тело.

Многу е лесно да ги поттикнете децата да танцуваат, или да ги вклучите во разни форми на креативно движење. Само движете се заедно со нив. Децата обожуваат да танцуваат заедно со своето семејство. Едноставно вклучете го радиото, или некоја стара лента и уживајте во танцувањето и пеењето заедно со вашето дете. Во текот на танцувањето користете и некои алатки за потпирање (стап, бастун) или за преобразување, како на пример некои шамии. Тоа ја зголемува забавата и уживањето кај децата кога танцуваат.

Обидете се да го правите тоа заедно со децата. Ова е добар начин, преку забава и игра да го поттикнете моторниот развој кај децата.









РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ИГРИ СО ПЕСОК

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ИГРИ СО ПЕСОК

unicef
unite for children

Сигурно сте забележале колку сакаат малите деца да копаат земја, или да играат со песок во дворот. Игрите со песок се навистина забавни за децата, но во исто време им помагаат да научат и многу нови работи.

Децата ги учат математичките и научните концепти преку игрите со песок. На пример, кога малите деца претураат песок од еден во друг сад, тие учат да проценуваат, стекнуваат чувство за волумен, учат за материјали од природата, за броење, па дури и едноставни концепти во физиката. Кога играат со песок, добро е да ги охрабруваме да зборуваат за тоа што го прават: „Дали мислиш дека песокот станува поразличен кога му дотураш вода?“ или „Како го направи мек песокот за да можеш да правиш разни фигури?“.

Играта со песок им помага на децата да се опуштат. Истражувањата покажуваат дека кога малите деца се фрустрирани, лути или се досадуваат, тие често во градинките избираат да играат во катчето со песок.

Вие можете и дома да ги охрабрувате малите деца да играат со песок. Направете песочна кутија во некое катче во дворот или на тераса. Во песочната кутија ставете неколку пластични чашки со различна големина.

Навистина, играта со песочна кутија може да направи неред во домот, или на терасата. Но, ако знаете како позитивно влијае таа игра врз развојот на вашето дете и колку тоа учи нови работи што ќе му помогнат кога ќе тргне на училиште, тогаш вреди малку да ви се расипе комодитетот.







РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# КУКЛЕНА ИГРА СО БРОЕЊЕ НА ПРСТИТЕ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# КУКЛЕНА ИГРА
# СО БРОЕЊЕ НА ПРСТИТЕ

unicef
unite for children

Броењето е дел од секојдневието на децата, иако тие не се свесни за тоа. Тие постојано нешто бројат: бонбони, кукли, модринки на нозете, итн. Оваа игра ќе му помогне на вашето дете да почне да ги препознава броевите и да брои од 1 до 10, како и station наназад, од 10 до 1.

**Потребни материјали**: 20-30 кикиритки во лушпа, ножички, црн маркер, бела теперна боја.

## Инструкции

1. Изберете 20 кикиритки со лушпа - 10 за вас и 10 за вашето дете. Пресечете ги полека на половина по работ, за да можат да паднат зрнцата од кикиритките. Направете отвори на лушпите за да можете да ги навлечете на прстите. Плодовите на кикиритките тргнете ги доколку е детето многу мало, поради опасност да аспирира.
2. Употребете бела темпера за да ги обоите лушпите.
3. Напишете ги со црн фломастер бројките од 1-10. Бројот 1 и бројот 10 ставете ги на палецот.
4. Со тоа вашата куклена игра може да почне. Следуваат неколку идеи како да ја играте оваа игра:

   Ставете ја лушпата со бројот еден на вашиот палец и кажете му на детето да го направи истото велејќи: јас го ставив бројот еден на мојот палец. Ајде сега и ти направи го истото. Штом детето го направи истото започнете со конверзација: „Здраво броју 1, ајде прави како што ќе правам јас!”.
5. Започнувајќи од бројот 1 кој е на вашиот палец, продолжете да ги ставате останатите броеви на останатите прсти и секогаш именувајте ги. Потоа прашајте го детето да погоди кој број следи за секој прст. Замолете го да најде одреден број и да го стави на вашиот прст.
6. Откако сите лушпи со броеви се поставени на вашите прсти, започнете сами да правите игри. На пример: Свиткајте ги и двете раце во тупаница и речете му на детето да ги кажува броевите еден по еден итн.

Во зависност од способноста на детето да брои, можете да се преправате дека не знаете кој број на кој прст се наоѓа и затоа ви треба негова помош да ги поставите броевите по ред на соодветниот прст.

## БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Оваа игра ќе му помогне на вашето дете да стекне искуство во препознавање на броевите, секвенците и броењето;
- Кога за првпат ја воведувате играта, седнете го детето во вашиот скут за да може заедно со вас да ги гледа броевите од внатрешната страна на прстите;
- Штом детето стане поискусно, обидете се да броите од назад кон напред (од 10 кон 1).





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# НОСЕЊЕ НА ОДЛУКИ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ПОМОГНЕТЕ МУ НА ДЕТЕТО ДА ДОНЕСЕ ОДЛУКА

unicef
unite for children

За секој родител голем е предизвикот да му помогне на своето дете да донесе одлука, или да направи сопствен избор. Малите деца не секогаш носат умни одлуки. Но, искуството кое го стекнуваат со последиците од лошите одлуки, за нив претставува најдобар начин на учење. Со носење на мали одлуки, тие ја развиваат својата самодоверба и вештини да ги проценуваат своите постапки, а тоа ги охрабрува кога ќе пораснат да носат и поголеми и позначајни одлуки.

Јасно е дека децата имаат потреба од искуство во донесување на одлуки, вклучувајќи ги и тие кои се важни за нив. Но, не треба да дозволиме да носат одлуки кои може да им наштетат. Изборот треба да биде во рамките на прифатливите алтернативи. На пример: Можеме да дозволиме детето да направи избор помеѓу зелена или сина блуза, супа од зеленчук или пита со сирење, играње со коцки или кукла. Во овие случаи што и да избере детето, тоа е добар избор.

Искуството низ кое поминува малото дете кога го прави изборот и донесува одлука е основа за носење поголеми одлуки кога ќе порасне. И доколку родителите го поддржат малото дете и му дадат можности само да носи одлуки во овој период од животот, ќе ја развијат неговата компетенцијата за независно носење на одлуките во училишниот период, па и покасно во животот.





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# РЕЦЕПТ ЗА РАНО УЧЕЊЕ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# РЕЦЕПТ ЗА РАНО УЧЕЊЕ

unicef
unite for children

Готвењето и подготвувањето храна заедно со децата е извонредна можност како да се вклучите во процесот на раното учење и стимулација на развојот кај вашето дете.

За малите деца, готвењето претставува во исто време и забава, и игра, но и можност за учење на многу нови концепти. Кога на децата им дозволуваме да се вклучат во подготовката на храна, тие се чувствуваат возрасни и многу значајни. Кога учествуваат во готвењето, тие учат како да соработуваат со другите во тимот и се чувствуваат задоволни, бидејќи произведуваат нешто кое сите може да го јадат.

Кога подготвувате храна заедно со децата, вие ги именувате хранливите производи кои се споменуваат во одреден рецепт, ја мерите количината на состојките и на тој начин го поттикнувате учењето кај малите деца за одредени концепти (математика, наука, јазик). Децата учат да ги препознаваат броевите и зборовите од рецептот. Тие користат зборови и го збогатуваат својот речник со нови зборови коишто се споменуваат во рецептот. Во исто време тие набљудуваат како некои хранливи производи се менуваат кога ќе почнат да се мешаат во садот.

Децата исто така се запознаваат со нови математички концепти – мерење, броење и однос дел- целина. На децата им треба долго време пред да ги совладаат концептите како што се мерките за количина и тежина, броевите, мерењето температура и времето. Но, со повторување на искуствата од типот на готвење и подготовка на храна, децата многу побрзо ги совладуваат овие развојни концепти, а процесот на нивното учење е лесно прифатлив и забавен како за родителите, така и за самите деца.

Готвењето заедно со малите деца навистина ќе ви одземе повеќе време отколку самостојното готвење, но учењето на новите концепти кај децата го оправдува вашето дополнително потрошено време.





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# СЕЧЕЊЕ СО НОЖИЦИ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# УСПЕШНО РАКУВАЊЕ СО НОЖИЧКИ

unicef
unite for children

Дали некогаш сте се запрашале, зошто малите деца тешко се справуваат со ножички. Ракувањето со ножички е комплексна вештина и претставува комбинација на стекнати вештини и компетенции од моторниот и интелектуалниот развој. Моторниот развој кај детето е поврзан со физичкиот раст и развојот на мозокот. Како напредува физичкиот раст и развојот на мозокот, така детето усвојува сѐ посложени моторни вештини. Сечењето со ножички бара висок степен на координација на мускулите на прстите, на шаките и рацете, со очите.

Многу деца со големо задоволство би сечеле со ножички. Ако детето не покажува интерес да ракува со ножички, тоа значи дека сѐ уште не е подготвено за тоа.

Предуслов за стекнување вештина за успешно ракување со ножички е кинење и цепкање на хартија или платно. Затоа потребно е да им дозволиме на малите деца често да ги практикуваат овие активности пред да започнат да ги користат ножичките.

Пред да им ги дадеме ножичките на децата в раце, треба да поразговараме со нив за некои основни принципи на безбедност. Се препорачува користење на безбедни ножички со затапен врв. На овој начин и дома можете да го поттикнувате детето за стекнување на оваа вештина која е многу потребна за подготвеност на детето за на училиште. Еве го пристапот во учењето на малото дета како да ја користи ножичката на безбеден начин:

| | |
|---|---|
| Покажете му на детето како се држи ножичката. | Дозволете му на детето да ги отвора и затвора ножичките пред да почне да сече хартија. |
| Покажете му на детето како да ја држи хартијата во една рака, а ножичката во друга. | Дајте му инструкција да ја отвори ножичката кога ќе ја доближи до хартијата и, да ја лизга по линијата. |
| Дозволете му на детето да сечка парчиња од весници, стари честитки или други хартиени материјали. | Како детето ќе напредува во оваа вештина, давајте му да сече слики од стари списанија со одредени форми. |







РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# АЈДЕ ДА ЗАПИШУВАМЕ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# АЈДЕ ДА ЗАПИШУВАМЕ!

unicef
unite for children

За време на патувањата децата многу често се досадуваат и стануваат нетрпеливи. Секое патување може да се искористи, така што детето може да се забавува и да учи, исто така, дава можност да се видат многу интересни места и предмети. Оваа игра е погодна за играње во автомобил, автобус, или воз. Оваа игра ќе ви овозможи корисно да го искористите времето додека патувате, а на детето патувањето ќе му го направи интересно доживување. Играта ќе му помогне на вашето дете да воочува и да ги запишува предметите, истовремено водејќи и статистика.

**Потребни материјали**: лист хартија, тетратка, молив или пенкало, фломастер.

## Инструкции

1. За време на патувањето договорете се со вашето дете што ќе гледате, што ќе запишувате и како ќе водите статистика. На пример, може да се бројат семафори, велосипеди, автомобили или камиони кои патем ќе ги среќавате.
2. Прашајте го детето на кој начин сака да запишува (на пример, со цртичка -/, со X или со кругче- O). Договорете дека секој знак значи еден предмет.
3. Започнете да гледате дали поминува тоа што сте договориле да го бележите (на пример автомобил).
4. Колку предмети детето забележа? Кога ќе застанете помогнете му на детето да ги изброи знаците.

## БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Оваа едноставна активност му помага на детето да учи да брои, да ги открива бараните предмети и да пишува;
- Кога детето ќе стане поискусно, внесете некоја особина на предметот (на пример: секој црвен автомобил);
- Ова ќе му овозможи на детето да ги усовршува своите вештини во сортирање на предметите според некоја особина, која е важна од доменот на математиката.

Може да се предложи и забележување на два предмета (на пример: автомобили и такси автомобили). За оваа активност, на листот направете две колони. Подоцна ќе можете да ги споредувате одбележаните знаци за секој предмет.







РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ГЕОМЕТРИСКИ МОДЕЛИ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ГЕОМЕТРИЈА ВО КУЈНАТА

unicef
unite for children

Сигурно често правите палачинки, но дали понекогаш сте се сетиле дека тие можат да бидат многу добар материјал за уживање во геометријата?

**Потребни материјали**: пластични шаблони со различни геометриски форми (круг, квадрат, триаголник), палачинки (домашните палачинки се повкусни).

## Инструкции

1. Направете поголема количина на палачинки.
2. Ставете една палачинка на вашата чинија и една палачинка на чинијата од детето.
3. Изберете шаблон во вид на триаголник, пресечете ја палачинката со шаблонот и извикајте: "Види направив триаголник на мојата палачинка!"
4. Охрабрете го детето да избере шаблон и истото да го направи со неговата палачинка. Прашајте го која геометриска форма ја направил. Повторете доколку детето не може да се сети: „Дали е ова триаголник?"
5. Наизменично правете го истото со сите шаблони, сè додека сметате дека играта му е интересна на детето и дека ужива во неа.
6. Направете два различни модела и разговарајте, поставувајќи му прашања од типот: „Дали моделите се исти или различни?" доколку не се исти, прашајте го според што се разликуваат. Избројте ги страните на глас и коментирајте „Твојот триаголник има 3 страни, а мојот квадрат има 4". Или „Чиј триаголник е поголем, твојот или мојот?"
7. Побарајте во куќата предмети со различни форми и предмети кои се различни од вашите модели на палачинките. И коментирајте: „Види, хулахопот е тркалезен како кругот на палачинката, итн."

## БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Шаблони за колачи можете да најдете во која било продавница, а палачинките ќе бидат повкусни доколку ја менуваат формата;
- Оваа активност му помага на вашето дете да разликува форми, да ги споредува по форма и големина, да препознава сличност или разлика помеѓу предметите.





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ГРАФИКОН ОД ОВОШЈЕ ИЛИ ЗЕЛЕНЧУК

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ГРАФИКОН ОД ОВОШЈЕ ИЛИ ЗЕЛЕНЧУК

unicef
unite for children

**Потребни материјали:** хамер, лепенки од овошје или зеленчук и маркери.

## Инструкции

1. На хамерот напишете„Моето најомилено овошје /зеленчук“.
2. Со маркер направете графикон.
3. На вертикалната линија напишете ги броевите од 1-10.
4. Ставете го хамерот на место каде што вашето дете ќе може да го достигне.
5. Побарајте од вашето дете/деца да најдат сликички од овошјето/зеленчукот што го купувате од пазар.
6. Залепете ги сликичките под долната линија од графиконот.
7. Замолете го детето/децата веднаш штом ќе го изедат овошјето/зеленчукот да залепат сликичка над местото на тоа овошје (или да одбележат со точка).
8. Штом ќе почнат да се акумулираат сликичките (точките) разговарајте со детето/децата: „Што ни кажува графиконот? Што најмногу јадеме и што најмалку или воопшто не јадеме?“

### БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Оваа активност им овозможува на вашите деца да стекнат искуство во собирање и прикажување податоци;
- Најдете други поими кои можат да се собираат и графички да се прикажуваат (на пример промена на времето во текот на денот, месецот).




РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ДВИЖЕЊЕ НА ТЕЛОТО

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ДВИЖЕЊЕ НА ТЕЛОТО

unicef
unite for children

Децата постојано се движат, а тие движења се од огромна важност, за да можат да ја зацврстуваат способноста за координација и одржување на рамнотежа, воедно да го истражуваат просторот, местото на живеење и пошироката околина. Наместо постојано да се обидуваме да ги смириме и да ги натераме да „бидат мирни“, подобро е конструктивно да ја искористиме нивната потреба за постојано движење. Способноста да ја одреди и промени положбата во просторот е првиот чекор во разбирањето на геометријата.

**Потребни материјали**: картички, црн фломастер и јаже.

## БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Добро е додека играте со детето да свири музика;
- За поголемите, смислете активности кои бараат поголема координација како трчање, скокање, одење наназад, одење со испружени раце, итн.;
- Доколку се две или повеќе деца, играта може да се одвива и на следниот начин: „Марко рече, Филип да оди наназад, или Билјана рече, Марко да скока на една нога...“.

## Инструкции

1. Замолете го детето да ви помогне да направите картички на кои ќе бидат запишани различни движења на телото.

   Еве неколку примери: „Оди полека на јажето“; „Оди на прсти“; „Одржувај рамнотежа на левата нога“; „Оди со една нога на јажето, а другата да ти биде на подот“; „Оди по јажето со книга на главата“; итн.
2. Положи го јажето на подот.
3. Стави ги картичките на подот, свртени со лицето надолу.
4. Објаснете му на детето дека секој ќе влече картичка и ќе го прави движењето што е опишано на картичката.
5. Играта трае додека не се искористат сите картички.






РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ЗА ВРЕМЕ НА КАПЕЊЕ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ЗА ВРЕМЕ НА КАПЕЊЕ

unicef
unite for children

Капењето е настан во кој најголем дел од децата уживаат, но некои деца не успеале да создадат позитивно искуство и се чувствуваат вознемирено додека трае капењето. За да му помогнете на вашето дете да се чувствува пријатно и да научи да ужива во водата, може да ви помогнат и игрите. Капењето не е само начин на одржување лична хигиена, туку и можност детето да учи, како на пример да научи да споредува волумени.

**Потребни материјали**: пластични чаши и тенџерчиња во различна големина.

## Инструкции

1. Наполнете ја кадичката со топла вода и ставете повеќе чаши со различни големини. Наполнете една чаша, објаснете дека е чашата наполнета до горе и повеќе не може да се дотури вода. Сега испразнете ја чашата и покажете дека е празна. Охрабрете го детето да го направи истото и да го каже истото. „Еве, сега чашата е полна и, еве сега, чашата е празна.
2. Изберете две чаши, една помала и една поголема. Наполнете ги со вода. Запрашајте се гласно дали чашите содржат исто количество на вода. Коментирајте гласно за тоа дали вашата чаша има повеќе, помалку или исто количество на вода колку и чашата на детето. Истурете малку вода од вашата во неговата чаша и разговарајте што се случува. Коментирајте: „О хо, нема доволно место во твојата чаша за да ја ставам целата вода од мојата чаша. Мојата чаша сè уште не е испразнета, а твојата веќе се наполни.”
3. Повторете го ова неколку пати. Дадете му на детето поголема чаша и истурајте во неа од вашата чаша и, зборувајте му: „Еве, мојата вода се потроши, а твојата чаша сè уште не е наполнета.”
4. За време на следното капење, направете сценарио во кое детето ќе биде лидер, детето ќе избира чаши, тоа ќе ви каже дали да изберете помала, или поголема чаша од неговата. Продолжете да ги полните чашите и да ја истурате водата од една во друга чаша, постојано коментирајќи дали има, или нема место за уште вода.

   Повторувајте сè додека сметате детето ужива.

### БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Оваа активност помага за мерење на волуменот;
- На малите деца ќе им треба време да се адаптираат. Дозволете му на детето да си игра и постепено воведувајте нови чекори, штом почувствувате дека е подготвено да партиципира;
- Проширување на играта за поголемите деца: Вклучете чаши со различна големина. Со зголемување на искуството воведувајте и стандарди за мерење како што се чаши (голема и мала чаша), лажици (голема или мала лажица) за понатамошно експериментирање со волумените.





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# РЕЦЕПТИ ЗА КОЛАЧИЊА БЕЗ ПЕЧЕЊЕ

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# РЕЦЕПТИ ЗА КОЛАЧИЊА БЕЗ ПЕЧЕЊЕ

unicef
unite for children

| | **Материјал за колачињата** |
|---|---|
| Голем пластичен тркалезен сад | 500 грама бисквити |
| Дрвена лажица | 150 грама мелени ореви |
| Фолија (мрсна хартија) | 100 чоколадни трошки |
| | 150 грама млеко |
| | 1 пакетче (250 грама) путер |
| | 100 грама суво грозје |
| | 200 грама сечкани желе бонбони |
| | 200 грама мелен шеќер |

Многу моменти од секојдневниот живот можете да ги искористите како момент за игра и учење. Правењето колачиња е еден од таквите ситуации. Наместо да мислите како да го натерате детето да биде мирно додека работите во кујната и да не ви пречи во работата, поканете го да ви помогне и да учествува заедно со вас во рабатата. Тоа ќе биде задоволно, ќе си игра, а притоа многу ќе научи, воедно ќе стекне позитивен однос кон храната и готвењето.

## Инструкции

1. Разговарајте со детето за сите состојки што се потребни за да се направат колачињата.
2. Заедно со детето измерете ги сите потребни состојки.
3. Замолете го детето да ви помогне да ги смелете бисквитите и оревите.
4. Замолете го детето во големиот сад да го стави путерот со мелениот шеќер. Помогнете му да меша и разговарајте како путерот се менува и станува мазен додека го меша со дрвената лажица.
5. Помогнете му на детето да ги стави останатите состојки (бисквитите, сувото грозје, желе бонбоните, мелените ореви, чоколадните трошки) и да меша додека сите заедно не направат една голема маса.
6. Сега подгответе се за големиот неред. Заедно со детето почнете да правите топчиња (бомбички) од смесата и да ги редите на мрсната хартија.
7. Ставете ги да се изладат.
8. Подготвени за јадење, ставете ги во пластична кутија во фрижидерот.

## БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Оваа активност му помага на детето да научи мерки и да научи да следи инструкции. Ако можете најдете лесно препознатливи инструкции (на пример чаша, лажица, итн.);
- Разговарајте за различните мерки додека правите колачиња. На пример, една чаша е помалку од две чаши);
- Кога колачињата се готови побарајте од детето да ги изброи (ако знае) или да ги нареди во редови со ист број на колачиња.

Повторете ја активноста употребувајќи други материјали (состојки). Читајте ги рецептите гласно и зборувајте за промените што настануваат кога се мешаат, ладат или загреваат состојките.





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

unicef
unite for children

# ШТО НЕДОСТИГА

РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ



# ШТО НЕДОСТИГА

unicef
unite for children

Откривањето што недостига во оваа игра, ќе му помогне на детето да развие вештини за расудување, размислување, споредување

**Потребни материјали**: за оваа игра можете да користите различни предмети (играчки, предемети од домот, од кујната). Потрудете се да бидат во различна боја, големина и форма.

## Инструкции

1. Покажете му различни предмети на вашето дете. Охрабрете го да ги именува; да ги спореди, кое е поголемо, кое е помало; да ги именува боите и да ги изброи сите вкупно.
2. Сега кажете му да ги покрие очите за да можете да скриете еден предмет.
3. Сега кажете му да ги отвори очите и да погоди кој предмет недостига. Ако е во дилема, помогнете му со прашањата: „Ајде да видиме што ни недостига, која боја, која големина итн“. Ако и тоа не помогне, откријте го предметот со зборовите: „Изненадување!!!“
4. Сменете ги улогите. Вие сте сега тој што погодува. Правете се дека не знаете, за да може детето да ве корегира.
5. Пробајте неколку пати со различни предмети.

## БЕЛЕШКИ ЗА РОДИТЕЛИТЕ

- Оваа активност му помага на детето да ја развие меморијата за простор и предмети, да ги совлада боите како и да ги класифицира предеметите според одредена меѓусебна поврзаност;
- За да се прошири играта изберете тема за 3 предмети (На пример влечката, чорапот и патиката се носат на нога). Штом се совладаат трите објекти проширете на 4, 5 и повеќе, но да бидат на „иста тема“;
- За постарите деца изберете една тема со 3 предмети, ама со различни бои.





РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ